„Довата на муслиманот за неговиот брат, во негово отсуство, е прифатена

Од Уму Дерда и Ебу Дерда, Аллах нека е задоволен со нив, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, велел: „Довата на муслиманот за неговиот брат, во негово отсуство, е прифатена. Кај неговата глава стои мелек задолжен за тоа; секогаш кога тој ќе замоли добро за својот брат, задолжениот мелек вели: ‚Амин, и за тебе исто така.'“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека довата на муслиманот за неговиот брат, во негово отсуство, е примена, затоа што тоа е најјасен израз на искреност. Кај главата на оној што прави дова стои задолжен мелек, кој секојпат кога тој ќе замоли добро за својот брат, вели: „Амин, и за тебе нека е истото што го замоли за твојот брат.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3219